# Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Милко Велески |
| **Факултет/студиска програма** | Технолошко-технички факултет-Велес<br>Дисперзирани студии- Кичево<br>Прехрамбена технологија и биотехнологија |
| **Работно место/позиција** | Шеф на работна единица |
| **Година на дипломирање** | 2013 |
| **E-mail адреса** | milko.veleski66@gmail.com |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Како и секој средношколец се најдов на крстопат за тоа каде да продолжам понатаму низ животот. Размислувајќи заклучив дека храната е нешто што не изумира и секогаш е приоритет кај населението. За да се живее мора и да се храмниме. Раководен од оваа мисла одлучив да се запишам на Технолошко-техничкиот факултет Велес, на дисперзираните студии во Кичево, на насоката прехрамбена технологија и биотехнологија.

Студирањето се одвиваше во најдобар ред. Искрено, бев задоволен од наставата и од знаењето кое го пожнеав од овој факултет. Секогаш може повеќе, но само чекор по чекор се стигнува до успехот. Комуникацијата со професорите се одвиваше во најдобар ред. Истите секогаш беа тука кога требаше да разрешиме некој проблем или имавме некое недоразбирање околу наставата. Беше нов факултет, но доколу поединец сака да се надградува тоа не претставуваше проблем. Науката е секогаш околу нас, а само оној кој сака ќе ја прифати и таа ќе стане дел од неговиот живот. Убав период беше тоа во мојот живот, убави спомени во моето срце.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

Веднаш после завршувањето на факултетот се вработив како прехрамбен технолог во П.И.„Витаминка“. Моментално сум Шеф на неколку работни единици и тоа: Чоколада, кремови и чоколадирани производи. Работејќи во оваа прехрамбена индустрија знаењето стекнато од факултетот го преточив во пракса. Постојано се соочувам со нови предизвици. Раководам со група на луѓе чиј број е околу 150 и водам едни од најзначајните погони во П.И.„Витаминка“. Покрај организацијата на производството, дел од работата е и следење на стандардите кои се имплементирани во нашата индустрија, правење на проби, постојана комуникација со странски експерти од областа со која раководам и голем број на други секојдневни задачи. Учтивоста, трудољубието, знаењето, снаодливоста, одговорноста се само дел од способностите кои ми помогнаа да бидам ценет од останатите вработени во нашата прехрамбена индустрија. Работејќи се стекнав, покрај другото, со вештина да раководам и со голем број на опрема (со постоечката и новите опреми кои се докупуваат), да правам подобри организациони планови, да раководам со луѓе, да станам подобар експерт во проблематиката наречена чоколадо и чоколадни производи. Мило ми е што факултетското знаење го преточувам во пракса, искуство и моја лична професионална надоградба.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

Драги студенти, учете со срце и ум. Учете за Вас бидејќи стекнатото знаење и стекнатите вештини никој не може да ви ги одземе. Еден ден истите ќе ви помогнат да се снајдете во суровиот свет кој ве очекува по излегувањето од студентските клупи. И запомнете, Вие сте тие кои ја креирате вашата иднина.